Е У Р О Х А Н Д Е Л     ДООЕЛ

Е У Р О Х А Н Д Е Л ДООЕЛ

29 Ноември 2, 1430 Кавадарци, Р. Македонија

Тел/ факс: ++ 389 ( 0 ) 43 / 400 - 910;  ГСМ 070 239 310

# ГРАДЕЖНА ПРИПРЕМА И МОНТАЖА НА ПП БАЗЕНИ

## Е У Р О Х А Н Д Е Л

**Изградбата на базенот** почнува со изборот на место за негово поставување. Обавезно одберете што посончево место со доволно простор за идниот базен. Базенот можете да го поставите на површина, делумно да го вкопате или целосно да го вкопате.

Самата изградба започнува со одбележување на местото каде треба да биде базенот и се врши ископ.

**Димензиите на ископот** мора да бидат за 50 цм во ширина и должина поголеми од димензиите на базенот (на секоја страна по 25 цм).

За утврдување на вкупната длабочина за ископ мора да биде израчунато:

-висина-длабочина да надворешната ивица на работ

-дебелината на изолациониот материјал под базенот (3 цм стиропор)

-дебелината на основната плоча од армиран бетон на дното на ископот 15-20 цм.

Во делот каде е монтиран скимерот дупката мора да биде проширена за димензии 60 х 60 х 60, рачунато од горната ивица на базенот.

До самата ивица на ископот, во нивото на тампонот, обавезно да се вгради дренаѓна цевка во круг околу базенот и да се изведи на пониска кота.

## Без ова гаранцијата не важи !!!.

**Просторот за шахта** за сместување на филтер станицата треба да биде што поблиску до базенот, непосредно позади скимерот. Длабочината мора да биде минимум 100 цм. мерено од горната ивица на базенот. За пластичните шахти кои се испорачуваат со нашите базени потребно е дупката на базенот да се прошири за 150 х 150 х 150 цм. До шахтата треба да се изгради довод за вода за дополнување на базенот, довод на електрична енергија и евентуално канализација за испуштање на вишокот при зима и при редовно перење на филтерот.

**По ископот на дупката се бетонира армирана плоча** со дебелина 15-20 цм. во зависност од геолошките услови на тлото. Бетонирањето на плочата мора да се изврши одеднаш.

Потребно е плочата да биде апсолутно хоризонтална (отстапување +/- 0,5 цм.). Бетонот мора да зрее 7 дена. Потоа на него се лепи изолационен материја Стиропор дебелина 3 цм. кои ги елиминира ситните нерамнини на плочата и помага при одрѓувањето на температурата на водата во базенот. Исто така во фаза на изработка на базенот во фабриката е вградена и вертикална изолација на ѕидовите на ПП базенот со истиот материал заради намалување на топлотните загуби.

**Спуштањето на ПП базен** во претходно подготвениот градежен ископ се врши рачно (просечна теѓина 600 кгр) или со кран, обавезно со употреба на конец или гуртни одоздола, никако не смее да се дрѓи за ивицата на базенот. На сличен начин се поставува и шахтата за филтерската единица.

**Инсталирање на базенот** се врши со спојување на цевките помеѓу филтерската единица и дизните и филтерската единица и скимерот. Лепените споеви не смеат да дојдат во допир со вода најмалку 24 часа. Исто така се изведува и електричната инсталација со вградување на подводни рефлектори (12 В /300 W), препорачуваме кабел мин. 2 х 6 мм (на 12 V има големи загуби на напонот). Посебно треба да се обрати внимание на дихтувањето на влезот на кабелот во држачот на рефлекторот.

**Бетонирањето на базенот** почнува кога ѕидовите на базенот ке се потпрат со даски на растојание од 2м. Пред бетонирањето се затвараат сите вентили, дизни и скимери (пред пуштање во работа не заборавајте да ги отстраните овие затаварачи. Базенот треба да се наполни вода околу 1/3 од длабочината поради изедначувањето на притисокот при бетонирањето. Поради штедење на бетон во аглите може да се стави оплата. Дното на ископот околу базенот да се наполни со бетон со цврста конзистенција. Бетонот мора да биде полусув, никако ни мокор ни сув и не смее да се полива со вода. При бетонирањето не смее да се употребува вибратор. Бетонирањето се изведува постепено околу ѕидовите за 1/3 од длабочината може и со прекин да се продолжи другиот ден, се до нивото на кое ке бидат вградени плочите на работ на базенот. При бетонирањето да се долива вода во базенот, нивото на водата мора да биде повисоко за 10-20 цм од бетонот. Посебно внимание да се посвети на вертикалноста на ѕидовите како и при бетонирањето околу разводот на вода и електрична инсталација. По завршувањето на бетонирањето водата може да се замени.

**Приклучувањето на електричната инсталација** да се изведе стручно и по прописи. Обавезно да се вграде струен осигурач во ормарот каде се напојуваат сите уреди на базенот.

**Базенот треба секогаш да е полн со вода за да не дојде до деформација на ѕидовите.**

Освен при замена на вода и чистење но на кратко. Зимно време и во периодот на високи подземни води, како и во летните месеци никако не смее да биде празен.

**Базенот се зазимува со вода:**

- Водата се испушта 15-20 см. Под нивото на скимерот/дизните.

- Влезните дизни се затвораат со поклопец.

- Се отвораат вентилате за испуштање на водата од филтерот и пумпите.

- Водата се третира со хемикалии за зазимување.

- Се поставуваат дилетациони пловаци против замрзнување.

- Се прекрива со покривач.

Вака инсталиран и одржуван ПП базен има минимален век на траење 25 год.

На почетокот на сезоната треба да се дополни со вода и истретира со шок хлор и интензивно да се филтрира.

**ПРЕДНОСТИ НА КОМПАКТНИТЕ ПП БАЗЕНИ НА ЕУРОХАНДЕЛ**

- Разноврсност во облици и големини

- Лесна и брза градежна припрема

- Ниска цена

- Долг век на траење.

- 100% водонепропустивост

- Здравствена и хигиенска безбедност.

- Лесно и едноставно одрѓување

- Гаранција водонепропустливост на базенот 10 години.

# Производител:

ЕУРОХАНДЕЛ ДООЕЛ

КАВАДАРЦИ

ТЕЛ. 070 239 310

www.malibazeni.mk

www.eurohandel.biz

www.eurohandel.mk